Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 283//0306
13.06 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 05.06.2025 година, врз основа на примена жалба од **Прва Детска Амбасада во светот- Меѓаши,** го донесе следново мислење:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Телевизискиот прилог со наслов **„Ученик нападна наставничка во ООУ „Јан Амос Коменски" – соучениците трет ден бојкотираат настава"**, објавен на телевизија Телма и на веб страницата на телевизија Телма (telma.com.mk), на 14.05.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 16.05.2025 г., упати жалба за ТВ прилог со наслов „Ученик нападна наставничка во ООУ „Јан Амос Коменски“ – соучениците трет ден бојкотираат настава“, објавен на телевизија Телма и на веб страницата на телевизија Телма (telma.com.mk) на 14.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „На АлоБушавко - телефонот за деца и млади при Прва детска амбасада во светот - Меѓаши, добивме дојава од роднина на дете засегнато во прилог објавен на телевизискиот канал Телма. Иако во прилогот не се објавени личните податоци на детето, сепак е наведено училиштето во кое тоа учи, како и одделението, поради што, според дојавувачот лесно може да се открие за кого станува збор“.
Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој во целост се отфрла жалбата и се наведува дека не се објавени било какви лични податоци, ниту било какви други елементи со кои индиректно би се открил идентитетот на ученикот.

Во одговорот потпишан од главната уредничка на ТВ Телма меѓу другото се наведува дека во прилогот говори родител на дете соученик со познат идентитет, дека е побарано мислење и од општина Карпош, дека се обратиле и до Министерството за образование од каде е добиена информација, како и информациија од директорката на училиштетото и дека телевизијата ги почитувала законските одредби по кои работи, вклучително и Законот за заштита на личните податоци.

„Бидејќи се работи за малолетни лица, родителите, директорката, наставниците, стручните служби на училиштетото и институциите преземаат одговорност за било кое јавно обелоденување на податоци за децатта, а оттука произлегува дека родителите на засегнатото дете не треба да бараат одговорност за прекршување, за нефер и неточно известување од Телма за тоа што нивната приказна во случајов не била вклучена и дека информациите се објавени без нивна согласност. Телма известува во интерес на јавноста, а посебно кога се работи за малолетната популација, бидејќи дејноста на заштитата на децата е од јавен интерес“ – се вели меѓу другото во одговорот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека телевизискиот прилог со наслов „Ученик нападна наставничка во ООУ „Јан Амос Коменски“ – соучениците трет ден бојкотираат настава“, објавен на телевизија Телма и на веб страницата (telma.com.mk) на 14.05.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се нарушени членовите 1 и 9 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за телевизиски прилог посветен на проблем со одвивањето на наставата во едно одделение во јавно училиште за основно образование во Скопје, во кој се известува за причините за проблемот и заклучи дека е прашање од јавен интерес посветен на остварување на правата на децата.

Комисијата, исто така, заклучи дека станува збор за исклучително сензитивна тема бидејќи во центарот на проблемот е дете со пречки во развојот, кое во тв прилогот е претставено како причина за бојкотот на наставата на најголем дел од учениците, кои пак се поддржани и од нивните родители. Тоа може да се заклучи и од насловот на тв прилогот **„Ученик нападна наставничка во ООУ „Јан Амос Коменски“...** Со таквиот пристап медиумот зазема страна, односно известува во прилог на страната која врши притисок за отстранување на детето од училиштето.

Комисијата заклучи и дека во прилогот недостасува важно гледиште, бидејќи не е застапен ставот на родителите на детето кое е предмет на бојкот и дека известувањето на тој начин не само што влијае врз сите засегнати од страната на дететото и врз него, туку негативно влијае и врз воспитувањето на неговите соученици, а пошироко во јавноста се создава погрешна слика за проблемот. Ученикот од четврто одделение е портретиран како насилник без да се има предвид дека станува збор за дете со пречки во развојот, а медиумот тоа го знаел затоа што и во прилогот се говори за тоа дека детето имало и образовен асистент кој му давал стручна помош во текот на образованието. Поради овие причини Комисијата заклучи дека е нарушен Кодексот на новинарите во членот 1, кој упатува на сеопфатно известување за темата, односно проверка на фактите од што е можно повеќе извори.

Освен ова, Комисијата заклучи и дека има елементи со кои индиректно, но доволно јасно се укажува на идентитетот на детето, што упатува и на прекршување на членот 9 од Кодексот, пред сѐ со наведувањето на името на училиштетото и возраста, т.е. дека станува збор за ученици од четврто одделение. Со тоа не само што се врши индиректна идентификација, туку и секундарна виктимизација на детето, бидејќи на тој начин детето може да е изложено на дополнителен ризик од осуда и напади, нешто што медиумите треба максимално да се трудат да го избегнуваат.

Па така, иако прилогот е од јавен интерес, иако во него се претставени повеќе страни, медиумот невнимателно го искривил аголот и употребил тон на известување кој може да се смета за неетичен кога станува збор за посебно ранлива група во општеството, деца со пречки во развојот и нивните родители и блиски.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени членовите 1 и 9 од Кодексот кои го регулираат ова прашање:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 9**

Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595